РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-323
11-09. 2020 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 92 став 3 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3283/1 од 21.08.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку половина од законскиот минимум програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 07:00 до 19:00 часот, од страна на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3393/10 од 10.09.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 12 август 2020 година, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, половина од законскиот минимум за емитување на изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела (3 часа 29 минути и 27 секунди) не го емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот, односно емитуваше 2 часа 3 минути и 15 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што е за 1 час 26 минути и 12 секунди помалку од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3283/1 од 21.08.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 21 август 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 12 август 2020 година, на регионално, при што констатираше прекршување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, со надзорот констатирано е дека Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 12 август 2020 година, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, половина од законскиот минимум за емитување на изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела (3 часа 29 минути и 27 секунди) не го емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот, односно емитуваше 2 часа 3 минути и 15 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што е за 1 час 26 минути и 12 секунди помалку од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3283/1 од 21.08.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување наш Уп1 бр.03-323 од 25.08.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3283/1 од 21.08.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На 02.09.2020 година, Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, по елекронски пат до Агенцијата достави Писмено изјаснување наш Уп1 бр.03-323 од 02.09.2020 година. Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување наш Уп1 бр.03-323 од 02.09.2020 година, при што заклучи на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), во врска со член 92 став 3 од истиот Закон, а поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 32-та седница одржана на 10.09.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-3393/10 од 10.09.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и му се

наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3283/1 од 21.08.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Примено / Pranuar: 21.08.2020

| Орг. единица / Njësi org. | Број / Numer | Прилог / Shtese | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| 10 | 3283 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 12 август 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 21 август 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

    – **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

    – **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);

    – **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 12 авуст 2020 година, на регионално ниво, **<u>констатирано е прекршување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>** (трговските радиодифузни друштва се обврзани

дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 12 август 2020 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуваше 10 часа 46 минути и 2 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **46.27%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 16 минути и 21 секунда).

Половина од законскиот минимум (06:58:54) е 3 часа 29 минути и 27 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 3 минути и 15 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 1 час 26 минути и 12 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 12 август 2020 година, не емитуваше половина од изворно создадената програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***